ACIBADEM SISTINA



# СПОНТАН АБОРТУС

## ПРИЧИНИ И ПРЕВЕНЦИЈА

### ПРИЧИНИ И ПРЕВЕНЦИЈА НА СПОНТАНИ АБОРТУСИ

Според СЗО, спонтаниот абортус се дефинира како исфрлање на ембрионот или фетусот од матката. За најчестите причини кои доведуваат до спонтан абортус и нивна превенција совет побаравме од д-р Даниела Јованова, гинеколог-акушер во Клиничка болница „Аџибадем Систина“. Според времето на појавување, спонтаниот абортус може да се подели како: ран до 12. гестациска недела и доцен помеѓу 12. и 22. гестациска недела. Доколку се случат два или повеќе едноподруго спонтани абортуси, тогаш се зборува за т.н. хабитуални спонтани абортуси.

### ПРИЧИНИ ЗА СПОНТАН АБОРТУС

Една од најчестите причини за ран спонтан абортус е развој на blighted ovum или таканаречена „празна вреќичка”, каде што воопшто не постои развиток на ембрион. Најчести причини за тоа се надворешните фактори, хромозомски аномалии и бактериски и вирусни инфекции кај мајката и на одреден начин претставува природна селекција во бременоста. Причини за појава на спонтан абортус од страна на мајката можат да бидат и разни вродени аномалии на матката, интраутерини израстоци, преграда на матката и истите претставуваат пречка за нормално вгнездување на ембрионот во матката. Скратувањето и отворањето на грлото на матката е една од честите причини за доцни спонтани абортуси, како и хроничните заболувања на мајката – шеќерна болест, намалена функција на тиродата, тромбофилија, нарушувања на имуниот систем, висок крвен притисок. Од акутните заболувања треба да се споменат инфекциите од разни микроорганизми како што се цитомегаловирус, микоплазма, уреаплазма, листерија, токсоплазмоза. Причини за спонтан абортус може да бидат и консумацијата на алкохол и дроги, пушењето, напорната физичка активност, траума, тежок емоционален стрес.

### ОБЛИЦИ НА СПОНТАН АБОРТУС

- абортус во најава - вагинално крвавење од различен интензитет;
- започнат абортус - јаки крвавења и болки, но тоа не мора да значи дека бременоста ќе заврши со абортус;
- абортус во тек - јаки болки и крвавење, се проверува дали плодот или делови од плодот се одлепени од матката и се наоѓаат во цервикалниот канал или надвор од него;
- комплетен абортус - состојба кога целиот плод или делови од него се исфрлени надвор. Во вакви ситуации се применува киретажа на матката, односно инструментално отстранување на сите остатоци од матката.

Кога е во прашање абортусот во најава, со клинички докажано жив плод, голема е веројатноста ваквата бременост да се сочува и резултира со здраво новороденче. И кај обликот – почнат абортус постојат шанси бременоста да заврши со раѓање на здраво бебе. Во овие случи се спроведува конзервативно лечење кое подразбира целосно мирување и терапија со гестагенски препарати кои доведуваат до смирување на контракциите на матката. За жал, преостанатите облици на спонтан абортус не можат да се лечат.

### СИМПОТМИ

Најчести симптоми се вагинално крвавење, понекогаш придружени со исфрлање на парчиња или цел ембрион од матката, контракции, стегање на матката, кои предизвикуваат болки во долниот дел на стомакот, истекување на плодовата вода во доцната фаза итн. Понекогаш симптомите знаат да бидат многу „тивки” и да наликуваат на вообичаени менструални тегоби и затоа од голема важност е навремено да се препознаат, што ќе овозможи спречување на спонтаниот абортус. Битно е да се нагласи дека секој изостанок на менструација подразбира гинеколошки преглед. Ако се очекува бременоста, пожелно е да се потврди дека таа е во матката. Вонматеричната бременост се смета како акутна опасност по животот на жената доколку не се открие навреме. При појава на кои било од наведените симптоми кои можат да доведат до спонтан абортус, потребно е веднаш да се јавите кај вашиот гинеколог, каде што со помош на гинеколошки и ултразвучен преглед ќе се утврди состојбата на плодот и матката.

### ПРЕВЕНЦИЈА

Превенцијата на спонтаниот абортус е многу значајна, а таа се состои во редовни гинеколошки прегледи пред забременување и во тек на бременоста, избегнување на надворешните фактори на ризик и емоционални стресови. Младите девојки мораат барем еднаш годишно да го посетат својот гинеколог, но и ако постои вагинален секрет или сомнеж на полова болест, или знаат дека во семејството постои некое генетско нарушување. Се препорачува за време на сексуалните односи да користат заштита за спречување на сексуално преносливи болести, херпес и папилома вирус, кламидија, микоплазма и уреаплазма, кои подоцна во животот можат да претставуваат сериозен проблем во бременоста.

call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk